
ВТОРА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
КОРПОРАТИВЕН МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ - ТАМБОВ
МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ:
ИСТОК - ЗАПАД
(КУЛТУРА, СЛАВЈАНСТВО И ЕКОНОМИЈА)
СВЕТИ НИКОЛЕ, Р.МАКЕДОНИЈА - ТАМБОВ, РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА
МЦСП

КОРПОРАТИВЕН МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
"Г.Р.Державин" - Свети Николе - Р.Македонија

# ЗБОРНИК

**на научни трудови**

## ВТОРА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(КУЛТУРА, СЛАВЈАНСТВО И ЕКОНОМИЈА)

СВЕТИ НИКОЛЕ, Р.МАКЕДОНИЈА - ТАМБОВ, РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА
- 2011 -

**Организационен одбор:**
претседател: Јордан Ѓорчев
заменик претседател: Нина А.Коваљ
член: Јован Дамјановски
член: Јордан Михајловски
член: Душан Николовски
член: Наталија Софонова
член: Стојан Пржовски
член: Борче Серафимовски

**Уредувачки одбор:**
проф.д-р Душан Николовски
проф.д-р Јован Дамјановски
проф.д-р Стојан Пржовски

**Технички секретар на конференцијата:** Дејан Наковски
**Компјутерска обработка и дизајн:** Ефремовски Владимир

Адреса на комисијата: ул.Маршал Тито 77, Свети Николе, Р.Македонија
Контакт телефон: 00389 (0)32 440 330

**Организациониот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

082

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (2 ; 2011 ; Свети Николе)
Меѓународен дијалог : исток-запад : (култура, славјанство и економија : зборник на трудови : Втора меѓународна научна конференција. - Свети Николе : Меѓународен славјански институт "Г.Р. Державин", 2011. - 349 стр. ; 21 см

Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-608-4559-04-7

а) Меѓународна научна конференција (2 ; 2011 ; Свети Николе)
COBISS.MK-ID 88973322

Напомена:

Организациониот одбор на Втората меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во зборникот. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во зборникот е на самите автори на трудовите.

# Содржина

## СЕКЦИЈА: КУЛТУРА И СЛАВЈАНСТВО

Стеван Алексоски - ПРИМЕНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО ОКОЛУ УПОТРЕБА НА ВООРУЖЕНА СИЛА ВО СПРАВУВАЊЕ СО ТЕРОРИЗМОТ ........ 11

Е.Г. Антипирович - СОЦИАЛЬНО-ПСИХОЛОГИЧЕСКОЕ ВЗАИМОДЕЙСТВИЕ В ПРОЦЕССЕ ПРОФЕССИОНАЛЬНОГО ОБЩЕНИЯ СПЕЦИАЛИСТОВ КАК ОДНА ИЗ УЗЛОВЫХ ЗАДАЧ ДИАЛОГА В МЕЖКУЛЬТУРНОМ ПРОСТРАНСТВЕ: «ВОСТОК – ЗАПАД» ........ 18

В.В. Антонова - К ВОПРОСУ О ФУНКЦИОНИРОВАНИИ ПАРЕНТЕТИЧЕСКИХ КОНСТРУКЦИЙ В РУССКОМ ЯЗЫКЕ В ЛИНГВОДИДАКТИЧЕСКОМ АСПЕКТЕ ........ 23

Л.В. Бабина, И.В. Бочкарева - ИССЛЕДОВАНИЕ ПРОИЗВОДНЫХ СЛОВ В РАМКАХ КОГНИТИВНОГО ПОДХОДА ........ 27

Д.С. Батарчук - РОЛЬ ДИАЛОГА КУЛЬТУР В РАЗВИТИИ СОВРЕМЕННОГО ЭТНИЧЕСКИ ДИВЕРСИФИЦИРОВАННОГО ОБЩЕСТВА ........ 31

Кита Бицевска - МАКЕДОНСКАТА МЕДИЕВИСТИКА ........ 37

Марјана Ванева - ХОМОНИМИЈАТА И ПОЛИСЕМИЈАТА ВО АНГЛИСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 40

Виларова Македонка - УЛОГАТА НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ И ОДНОСИ ЗА ВЛЕЗ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........ 44

И.М. Глушкова - АКМЕОЛОГИЧЕСКИЙ РЕСУРС ПСИХОЛОГИЧЕСКОГО ЗДОРОВЬЯ КАК ОСНОВА АДАПТАЦИИ ЛИЧНОСТИ В МУЖКУЛЬТУРНОМ ПРОСТРАНСТВЕ ........ 47

Костадин Голаков - ГЛОБАЛИЗИРАНИ СЛОВЕНИ – ПРОБЛЕМИ И ПЕРСПЕКТИВИ, СО ПРИМЕРИ ОД МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 51

Вангелица П. Гаврилова - ПСИХОЛОШКИ АСПЕКТИ ВО ПРЕГОВОРИТЕ ПРИ РАЗЛИЧНИ МЕЃУКУЛТУРНИ КОМУНИКАЦИИ ........ 54

Мимоза Давчева - ЕВРОПСКА УНИЈА – ГЛОБАЛИЗАМ И РЕГИОНАЛИЗАМ КАКО ЗБИР НА КОМПЛЕМЕНТАРНИ И ПРОТИВРЕЧНИ ПРОЦЕСИ ........ 58

А.А. Зырко - ОПРЕДЕЛЕНИЕ ВЕКТОРА РАЗВИТИЯ ДУХОВНО–НРАВСТВЕННЫХ ЦЕННОСТЕЙ СОВРЕМЕННОЙ МОЛОДЕЖИ ........ 63

Ѓорѓи Илиевски - ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ИНТЕРКУЛТУРНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 68

Ѓорѓина Ќимова - КУЛТУРА НА КУРИКУЛУМ НАСПРОТИ КУЛТУРА НА НАСТАВНА ПРОГРАМА ........ 73

Н.А. Коваль, М.С. Жиляева - К ВОПРОСУ О СОЦИАЛЬНО-ПСИХОЛОГИЧЕСКИХ СТРАТЕГИЯХ РАЗВИТИЯ ЭТНОКУЛЬТУРНОЙ КОМПЕТЕНТНОСТИ ........ 80

Н.А. Коваль - ЦЕННОСТИ ЛИЧНОСТИ И ОБЩЕСТВА КАК СОДЕРЖАНИЕ МЕЖКУЛЬТУРНОЙ КОММУНИКАЦИИ ........ 83

М.В.Коваль - ДИАЛОГ КАК УСЛОВИЕ РАЗВИТИЯ МЕЖКУЛЬТУРНОЙ КОММУНИКАЦИИ ........ 87

И.Б. Коняхина - САМОРЕАЛИЗАЦИЯ СПЕЦИАЛИСТОВ В ПРОФЕССИОНАЛЬНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ КАК ОДНА ИЗ ЦЕНТРАЛЬНЫХ ЦЕННОСТЕЙ В ДИАЛОГЕ «ВОСТОК-ЗАПАД» ........ 91

Марија Леонтиќ - ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ ИСТОКОТ И ЗАПАДОТ И ПАТОТ ДО СРЕЌАТА .. 95

В.Э. Матвеенко - РАБОТА С ЭКРАНИЗИРОВАННОЙ РУССКОЙ НАРОДНОЙ СКАЗКОЙ В АУДИТОРИИ ИНОСТРАННЫХ СТУДЕНТОВ-ФИЛОЛОГОВ ........ 99

Микова С.С. - ОТРАЖЕНИЕ ДУХОВНОГО КРИЗИСА КОНЦА XX-НАЧАЛА XXI ВВ. В ЯЗЫКЕ РУССКОЙ ИНТЕРНЕТ-БАСНИ ........ 103

R.Millrood - RUSSIAN CULTURE OF ENGLISH LANGUAGE TEACHING........ 106

Г.В. Миронова - АКМЕОЛОГИЧЕСКОЕ РАЗВИТИЕ ЛИЧНОСТИ В ПЕРИОД ЮНОСТИ (15-20 ЛЕТ) КАК НОВАЯ ЦЕННОСТЬ В ДИАЛОГЕ «ВОСТОК- ЗАПАД»........ 112

О.В. Москаленко - ПРОБЛЕМА КАРЬЕРНОГО РОСТА СПЕЦИАЛИСТОВ КАК ОДНА ИЗ КЛЮЧЕВЫХ ЗАДАЧ ДИАЛОГА В МЕЖКУЛЬТУРНОМ ПРОСТРАНСТВЕ: «ВОСТОК – ЗАПАД» ........ 117

Е.В. Митина - ПСИХОЛОГО-АКМЕОЛОГИЧЕСКОЕ СОПРОВОЖДЕНИЕ ПРОФЕССИОНАЛЬНОЙ САМООРИЕНТАЦИИ ШКОЛЬНИКОВ В СОВРЕМЕННОМ СОЦИУМЕ КАК ОДНА ИЗ ОСНОВНЫХ ЦЕННОСТЕЙ В ДИАЛОГЕ «ВОСТОК-ЗАПАД» ........ 122

Митревска Јагода - ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ И ОДНОСИ ........ 127

Јордан Михајловски - КРИЗАТА ВО КУЛТУРАТА НА КРАЈОТ НА XX ВЕК И ПОЧЕТОКОТ НА XIX ВЕК, ПРИЧИНИ, ПОСЛЕДИЦИ И ПОТРЕБА ОД НОВА ИНТЕГРАТИВНА ИДЕЈА И ВРЕДНОСТИ ........ 130

В. П. Михајловски - КОМПАРАЦИИ НА РЕЛИГИЈСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ИСТОК-ЗАПАД И ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 135

Кети Несторовска - КРИЗАТА ВО КУЛТУРАТА НА КРАЈОТ НА 20 И ПОЧЕТОКОТ НА 21 ВЕК, ПРИЧИНИ , ПОСЛЕДИЦИ И ПОТРЕБА ОД НОВА ИНТЕГРАТИВНА ИДЕА И ВРЕДНОСТИ ВО ДИЈАЛОГОТ ИСТОК –ЗАПАД ........ 140

Виолета Николовска - КИРИЛИЦАТА И ЕКОНОМСКАТА МОЌ ........ 143

М.Л Новикова - КУЛЬТУРНОЕ ПРОСТРАНСТВО В КОСМИЧЕСКОМ ПРОСТРАНСТВЕ 147

Е.Д. Окладнова - СОЗИДАТЕЛЬНАЯ ДЕЯТЕЛЬНОСТЬ ВОСПИТАТЕЛЯ ДОШКОЛЬНОГО УЧРЕЖДЕНИЯ КАК ОДНА ИЗ ВЕДУЩИХ ЦЕННОСТЕЙ В ДИАЛОГЕ

# ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ ИСТОКОТ И ЗАПАДОТ И ПАТОТ ДО СРЕЌАТА

***доц. д-р Марија Леонтиќ***

**Апстракт:** Постојат разлики помеѓу Истокот и Западот. Но тие разлики се само надворешни, затоа што нашата цел е иста, сите ние сакаме да бидеме среќни. Истокот и Западот се должни да применат интернационален дијалог и да пронајдат пат до среќата за сите луѓе во светот. Но исто така, секое општество, секоја индивидуа мора да работи на себеси, да ги негува и да ги применува позитивните состојби на умот.

**Клучни зборови:** Исток, Запад, меѓународен дијалог, среќа.

## 1. Предговор

Иако постојано се зборува за разликата меѓу Истокот и Западот, ако суштински се продре во стремежите на луѓето, ќе се види дека нивната цел во животниот век е иста. Тоа најдобро ја отсликува пораката на Далај Лама во едно негово предавање: „*Верувам дека единствена цел на нашиот живот е да бараме среќа. Тоа е јасно. Дали некој верува во религија или не, дали некој верува во оваа или онаа религија, сите ние бараме нешто подобро во животот. Значи, јас сметам дека самото движење на нашиот живот е насочено кон среќата...*[1]“. Со векови во далечното минатото различните цивилизации и народи, а во поблиското минато различните региони, општества и култури, среќата ја изедначуваа со материјалниот развој и богатството, културниот развој и богатството, световното задоволство, духовноста или просветленоста. Во одредени региони можеше да се забележи дека еден или повеќе елементи доминираат за сметка на другите, но тоа не причини тие да се доживеат како комплетно среќни средини. Токму поради овој факт многу современици сфатија дека човештвото може да си овозможи среќа доколку мудро го применува материјалниот развој, културниот развој и духовниот развој на Истокот или на Западот во својата средина. Затоа воопшто не е чудно кога ќе видиме дека високи облакодери во западен стил се градат на Истокот, дека курсеви по јога се одржуваат на Западот, а дека Денот на вљубените поради својата убава порака со ист восхит се прославува во сè повеќе земји на Исток и на Запад. Понекогаш културните придобивки на Истокот и на Западот се применуваат спонтано, а често пати свесно како резултат на глобализацијата, можноста да се патува, образува, специјализира, на можноста да се разменат искуства на разни конференции и конгреси во странските земји, соработката со странските фирми, интернет услугите кои ни овозможуваат постојано да сме во тек што се случува во светот и сл. При ова треба да сме свесни дека придобивките на Западот не се

[1] Лама Далај, Катлер Хауард. (2008). *Уметноста на среќата*. Магор – Скопје, 25

подобри во однос на оние од Истокот, ниту дека сознанијата на Истокот се посуштествени во однос на оние од Западот и да се впуштаме како што умееме во самозалажувачка среќа.

## 2. Дијалогот меѓу Истокот и Западот

Денес, повеќе од кога и да е порано, Западот и Истокот треба да воспостават конструктивен дијалог што ќе создаде атмосфера за среќа и позитивно ќе влијае да се доживее среќата. Денес и Истокот и Западот се свесни дека само еден сегмент не овозможува среќа и дека на сите нив сме должни да работиме паралелно доколку сакаме во иднина да нè следи среќата.[2] Но како што Западот и Истокот преку своите претставници и дипломати на државите и на кралствата ќе работат и ќе дејствуваат на глобален план, исто така секое општество, секој поединец кој е припадник на одредено општество, ќе треба да работи на себеси.

Дејствувањето во одредено општество и работата на себеси подразбира развивање на разбирањето за тоа кои се вистинските извори на среќата како што се човечка топлина, чувство на љубов, поврзаност и сочувство со другите луѓе, чесност и примената на човечката интелигенција во позитивни цели без нанесување штета некому и дисциплина тие да се негуваат. Ова навидум звучи едноставно, но за да се примени во практика треба мудрост, позитивна мисла, емоција и желба, волја, дисциплина и доследност. На оваа важност посочуваат сите големи светски мудреци и духовни учители. Според Далај Лама: „*Првиот чекор во барањето среќа е учењето. Прво треба да научиме на каков начин ни штетат негативните емоции и однесување и како ни користат позитивните емоции. И мораме да сфатиме дека овие негативни емоции се многу лоши и штетни не само за поединецот лично туку и за општеството и иднината на целиот свет*.“[3] Бидејќи на овој план глобално и индивидуално се работеше слабо, се случија бројни немили крвави настани во светот кои се рефлектираа и во други земји со слични проблеми, но исто така и на Балканот, кои се рефлектираа на соседните балкански земји, меѓу кои беше и Македонија. Во прилог на ова е и ставот на Е. И. Рерих: „*Кога човекот во стремежот за совршенство ја развива својата духовна сила и ја насочува во полза на еволуцијата и за доброто на блиските, тој ја поништува целата своја карма и целото човештво го растоварува од негативната карма*.“[4] На ова може да го надоврземе и мислењето на С. Н.

---

[2] Далај Лама ова вака го изразува: „Верувам дека ако некој навистина сака среќен живот, тогаш е мошне важно тоа да се прави како со внатрешни така и со надворешни средства; со други зборови, умствен развиток и материјален развиток. Тука некој би додал и „духовен развиток“, но кога велам „духовен“, јас под тоа не подразбирам некаков вид религиозно верување. Кога го употребувам зборот „духовен“, јас мислам на основните човекови добри особини. Тоа се: човечката топлина, свеста за поврзаност, чесноста, дисциплината и човечката интелигенција, соодветно водени од добра мотивација. Сите ги имаме овие особини од раѓање; тие не ни доаѓаат подоцна во животот.“ Види: Лама Далај. (2008). *Книга на мудроста.* Магор – Скопје, 15.

[3] Лама Далај, Катлер Хауард. (2008). *Уметноста на среќата*. Магор – Скопје, 56.

[4] Лазарев Н. С. (2007). *Корекција на кармата*. Лотос – Скопје, 48-49 .

Лазарев: „*За да излезе од денешнава криза и да се спаси од своите чирови, човештвото мора да се научи да сака: Бога, човек човека, Вселената, светот што нè опкружува, минатото, сегашноста, иднината. Бог е Љубовта. Некои мислат дека од тоа нема ништо полесно: јас реков дека сакам и почнав да сакам. Љубовта е најсложената уметност која се постигнува со постојана работа.*“[5] Токму од вакво позитивно размислување имаме насушна потреба во Македонија кога одреден припадник на одреден народ си дозволува да смета дека вреди повеќе од припадник на друг народ, а при тоа заборава тој припадник да го гледа, почитува и сака како човек, кога за состојбата во земјата се обвинуваат други, а при тоа се заборава дека сегашноста е резултат на нашето минато, а дека со своите постапки во сегашноста ја градиме иднината на следните генерации. Место да обвинуваме и бараме виновници многу пополезно и поцелисходно ќе биде да работиме на себеси како индивидуи, на своето општество и активно да се вклучиме во глобалниот дијалог на Западот и Истокот. Овој процес е интерактивен, бара многу внимание и трпение, но води до чувството на комплетна среќа.

Како што утврдивме, среќата е состојба на умот и бара утврдување и негување на позитивни умствени состојби кои водат кон конечна среќа и утврдување и елиминирање на негативните умствени состојби кои можат да ја оневозможат среќата. Доколку се работи за средина или личност која нема предрасуди, ова ќе биде доволно за да се доживее среќата. Но доколку личноста има предрасуди, патот до вистинската среќа ќе бара преобразба на светогледот и начинот на размислување, а тоа е долг процес што бара активна работа. За жал, од ова нема да бидат поштедени многу индивидуи и општества, но исто така и дијалогот меѓу Западот и Истокот. Предрасуди сè уште постојат во однос на расата, народот, вероисповедта, полот, сексуалната определеност, мешаните бракови помеѓу различни раси, народи или вероисповеди, семејното уредување, државното уредување и сл. Предрасудите на ова поле можат да се одразат негативно на нашата среќа бидејќи во една од овие категории можат да припаѓаат нашите родители, сопатници, деца, браќа, сестри, роднини, пријатели или колеги кои се суштински чинители на нашата среќа.[6] Но, како што претходно споменав, современиот човек од Западот и Истокот е должен да научи да развива толеранција и позитивен став кон различноста и тоа со почит да го примени во меѓусебниот дијалог. Во овој поглед може да се примени и ставот на Н. С. Лазарев: „*Да се прифатат светот и луѓето онакви какви што се. Светот произлегува од љубовта, се исполнува со љубов, дејствува во љубов и станува љубов.*“[7]

---

[5] Лазарев Н. С. (2004). *Дијагностика на кармата*. Лотос – Скопје, 152.

[6] Според Далај Лама: „Чувството на задоволност е клучниот чинител за постигнување среќа. Телесното здравје, материјалните богатства и сопатниците и пријателите се трите чинители на среќата. Задоволноста е клучот што ќе го одреди исходот на Вашите односи со сите овие три чинители.“ Види: Лама Далај. (2008). *Книга на мудроста.* Магор –Скопје, 28.

[7] Лазарев Н. С. (2007). *Дијагностика на кармата – Одговори*. Лотос – Скопје, 24.

Денес човештвото се надева дека Истокот и Западот ќе успеат да ги надминат своите надворешни несуштински разлики, негативните умствени состојби и предрасуди, ќе воспостават дијалог кој ќе поврзува и ќе се сконцентрираат на единствената цел на нашиот живот да бараме среќа и да бидеме среќни.

## 3. Заклучок

Денес дијалогот меѓу Западот и Истокот е неминовност за воспоставување хармонични односи и овозможување среќа на жителите на светот. Се разбира, успешноста на овој дијалог зависи од негувањето на позитивните умствени состојби кои водат кон вистинска среќа и доколку се работи за предрасуди, преобразба на светогледот и начинот на размислување. Ова бара активно дејствување на Западот и на Истокот, на сите општества и единки во нив, но тоа на крај ќе резултира со сегашност во која ќе се доживее среќата, а ќе се подготват услови за посреќна иднина на следните поколенија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1.Лама Далај, Катлер Хауард. (2008). *Уметноста на среќата*. Магор – Скопје.
2.Лама Далај. (2008). *Книга на мудроста.* Магор –Скопје.
3.Лазарев Н. С. (2007). *Корекција на кармата*. Лотос – Скопје.
4.Лазарев Н. С. (2004). *Дијагностика на кармата*. Лотос – Скопје.
5.Лазарев Н. С. (2007). *Дијагностика на кармата – Одговори*. Лотос – Скопје.